# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**СЕПТЕМВРИ 2019**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КХВ ЈА ОДБЕЛЕЖА НЕДЕЛАТА НА СОЛИДАРНОСТА СО ХУМАНА АКТИВНОСТ „ГОТВИМЕ - ДОНИРАМЕ, ДА НЕМА ГЛАДНИ!“



Комисијата за хартии од вредност ги набави намирниците потребни да се подготоват топлите оброци, а вработените од Комисијата на 7-ми јуни со задоволство помогнаа да се зготват и спакуваат 150 оброци со што се вклучија и ја поддржаа граѓанската иницијатива #РетвитниОброк која стана симбол на рециклирањето и споделувањето храна.

На 8-ми јуни 2019 година, подготвените 150 оброци Комисијата ги подели на платото пред спомен куќата на Мајка Тереза во Скопје на социјално загрозените семејства и бездомните лица. На тој начин, со својата несебичност и посветеност, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија нахрани сограѓани кои не можат да си обезбедат редовен оброк и кои за жал се дел од нашата сурова реалност.

**Никогаш да не заборавами што имаме и што можеме да дадеме!**